# З А П И С Н И К

Од 42-та редовна седница на Советот на општина Охрид
одржана на ден 30.04.2020 година

Четириесет и втората редовна седница на Советот на општината се одржа преку конференциска врска со употреба на интернет комуникација со почеток во
во 11:10 часот

На седницата присуствуваа 22 советници и претставници на стручните служби во локалната самоуправа и претставници на медиумите. На седницата не присуствуваше советникот Нефи Усеини.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Почитувани советници, овде во малата општинска сала, каде што се наоѓам јас, има претставници од општинската администрација, претставник од “ЈП Нискоградба”, претставници од медиумите. Посакувам да ви се заблагодарам за вашата волја и ангажираност, да ја реализираме оваа седница по електронски пат.

Одржуваме седница по електронски пат, во поинакви услови од кои што сме навикнати, пред се, за да ги испочитуваме мерките за заштита и превенција од Владата на Република Северна Македонија за заштита од актуелниот корона вирус COVID – 19. Притоа, ја почитуваме Уредбата со законска сила, за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локална самоуправа, за време на вонредна состојба, објавена во Службен Весник бр.95 на 8 април 2020 година. Со оглед на тоа што за првпат реализираме седница на ваков начин, дозволете ми да ги прочитам оние членови од уредбата кои што се однесуваат на начинот на реализација на ваква седница.

“Претседателот на Советот може да свика и да рако- води со седница на советот, и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).

Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства, поканата со дневниот ред и материјалите за седницата на Советот се доставуваат на службена електронска адреса на членовите на советот, или на алтернативна функционална електронска адреса која членовите на советот се должни да ја достават до Претседателот на Советот.

Гласањето на советот со употреба на комуникацис- ки средства се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на советот кои се најавени на седницата.

За текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник, кој се објавува на веб страната на општината и градот Скопје”

По завршувањето на дискусијата од секоја точка, ќе имаме поименично гласање.

Со оглед на тоа што сега имаме една непостојана состојба, одредени советници се вклучуваат, односно исклучуваат, ќе ве замолам, онака како што ќе ве читам, да го потврдите вашето присуство.

1. Ристо Николески - ПРИСУТЕН
2. Живка Ангелоска -ПРИСУТНА
3. Мишел Силјаноски - ПРИСУТЕН
4. Сашо Ставрески - ПРИСУТЕН
5. Елеонора Куноска - ПРИСУТНА
6. Бесим Демиров -ПРИСУТЕН
7. Џенгиз Реџеп -ПРИСУТЕН
8. Марија Попоска -ПРИСУТНА

9. Филип Јованоски - ПРИСУТЕН
10. Рената Арнаудова -ПРИСУТНА
11. Ристо Булоски -ПРИСУТЕН
12. Кирил Пецаков - ПРИСУТЕН
13. Гордана Коњановска - ПРИСУТНА
14. Снежана Стефаноска - ПРИСУТНА
15. Илија Арнаудоски - ПРИСУТЕН
16. Гоце Георгиески - ПРИСУТЕН
17. Лидија Петкоска - ПРИСУТНА
18. Александар Попоски - ПРИСУТЕН
19. Славица Петровска - ПРИСУТНА
20. Џанер Исмаил - ПРИСУТЕН
21. Дејан Шикоски - ПРИСУТЕН
22. Нефи Усеини - НЕ Е ПРИСУТЕН
23. Џемал Мена -ПРИСУТЕН

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Со оглед дека е присутно мнозинството од вкупниот број членови на Советот, задоволени се законските претпоставки за одржување на седницата.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска отвори расправа за записниците од 40-та и 41-та седница. Бидејќи никој немаше забелешки, записниците беа ставени на поименично гласање.

Ристо Николески - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Силјаноски - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп - ЗА
Марија Попоска -ЗА
Филип Јованоски -ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков -
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски -
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска - ЗА
Александар Попоски -
Славица Петровска -ЗА
Џанер Исмаил - ЗА
Дејан Шикоски -ЗА
Нефи Усеини - НЕ Е ПРИСУТЕН
Џемал Мена -ЗА

Записниците со поименично гласање се усвоија со 19 гласови ЗА.

За работа на 42 - та седница на Советот беше предложен следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година.
2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност.
3. Предлог- заклучок.
4. Предлог-годишна програма за измени и дополнување на Годишната Програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година.
5. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи за одведување на отпадни води за 2019 година за ЈП„Нискоградба Охрид “-Охрид .

Секретарот на општина Охрид Игор Бежоски – Почитувани советници и претставници на стручните служби, од дневниот ред ја повлекуваме 4-та точка - **Предлог-годишна програма за измени и дополнување на Годишната Програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година.**

Претседателот на Советот Живка Ангелоска констатираше дека од дневен ред се повлекува Предлог-годишна програма за измени и дополнување на Годишната Програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година.

Дневниот ред за 42-та седница беше ставен на поименично гласање.

Ристо Николески - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Силјаноски - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп - ЗА
Марија Попоска -ЗА
Филип Јованоски -ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска - ЗА
Александар Попоски - ЗА
Славица Петровска -ЗА
Џанер Исмаил - ЗА
Дејан Шикоски -ЗА
Нефи Усеини - НЕ Е ПРИСУТЕН
Џемал Мена -ЗА

Дмневниот ред за 42-та седница се усвои со 22 гласови ЗА.

**ПРВА ТОЧКА Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот (закупнината) за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година.**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Живка Ангелоска ја стави Предлог Одлуката на поименично гласање.

Ристо Николески - - ЗА
Живка Ангелоска - ЗА
Мишел Силјаноски - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп - ЗА
Марија Попоска - ЗА
Филип Јованоски - ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски - ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска - ЗА
Александар Попоски - ЗА
Славица Петровска - ЗА
Џанер Исмаил - ЗА
Дејан Шикоски - ЗА
Нефи Усеини - НЕ Е ПРИСУТЕН
Џемал Мена -ЗА

**Советот ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА.**

**ВТОРА ТОЧКА Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност.**

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Сакам да дадам едно појаснување, со оглед на тоа што се присутни и медиумите. Овие две Одлуки се однесуваат на мерки кои што се во насока кон олеснување на ситуацијата на угостителкските објекти, каде што се ослободуваат од надоместокот – закупнината за поставување на урбана опрема , за времето откако е прогласена вонредната состојба и три месеци по нејзиното завршување. Истата мерка се однесува и за втората Одлука, односно се изземаат од обврската за плаќање на комунална такса во истиот период.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот ја затвори расправата и Предлог одлуката ја стави на поименично гласање.

Ристо Николески - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Силјаноски - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА

Ценгиз Рецеп - ЗА
Марија Попоска -ЗА
Филип Јованоски -ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска - ЗА
Александар Попоски - ЗА
Славица Петровска -ЗА
Џанер Исмаил - ЗА
Дејан Шикоски -ЗА
Нефи Усеини - НЕ Е ПРИСУТЕН
Џемал Мена -ЗА

**Советот ја усвои Одлуката со 22 гласови ЗА.**

**ТРЕТА ТОЧКА Предлог- заклучок.**

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Доколку ми дозволите, јас би ги прочитала Заклучоците

ЗАКЛУЧОЦИ

Советот на општина Охрид како резултат на пандемијата КОРОНА ВИРУС КОВИД-19, а со цел олеснување на обврските кон правните субјекти и физичките лица предлага до надлежните институции да достават информација до кабинетот на Градоначалникот и Советот на општина Охрид дали постои финансиска можност за спроведување на следните мерки и тоа:

- Зголемување на вкупниот износ на субвенцијата за трошоци за комунални услуги за граѓаните изложени на социјални ризици за периодот додека трае вонредната состојба, како и 3 месеци по нејзиното завршување.
-Бесплатно отстапување на големата сала во општината за склучување на бракови.

**Советничката Лидија Петкоска** – Ме интересира дали зголемувањето на субвенциите ќе се однесува само на оние апликанти за кои се веќе одобрени?

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Ве молам да го повторите прашањето бидејќи слабо се слуша.

**Советникот Кирил Пецаков -** Советничката прашува дали зголемувањето на субвенцијата од колку што е моментално, на онолку колку што општината ќе биде во можност да поднесе како помош во наредниот период, ќе важи за оние што аплицирале и добиле во периодот додека траел конкурсот, или ќе може во периодов и други да се пријават?

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Ви Благодарам, колку што имам информации, огласот беше завршен и граѓаните кои што припаѓаат во оваа категорија се пријавени, така што ќе се применува мерката на оние граѓани кои што биле пријавени на огласот.

**Советничката Лидија Петкоска** – Доколку има можност, да им се даде на оние

што немаат комплетни документи, да ги комплетираат

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Немам информации во однос на тоа кој ги комплетирал, кој не ги комплетирал документите, со оглед на тоа што постои рок и еден разумен период кога може да се доставатдокументите. Меѓутоа, со оглед на тоа што ние носиме ЗАКЛУЧОК, а после овој ЗАКЛУЧОК во однос на правната страна, наредната седница ќе биде донесена Одлука. Советничка Петкоска, повелете, заедно ќе се обратиме до службите во општинската администрација и ќе разговараме и за можностите за кои што Вие сега сугерирате, доколку постои законска можност.

**Советникот Кирил Пецаков** – Овие Предлог Заклучоци, заедно со Заклучоците, односно Одлуките кои што ги носиме заедно за комуналната такса и урбаната опрема, како заедничка борба на нашата општина со пандемијата корона вирус КОВИД 19, мислам дека се добри, меѓутоа, ние имавме доставено и други барања како советничка група и до Вас како Претседател на Совет и нормално до Градоначалникот. Веројатно сето тоа ќе оди на наредната седница, врз основа на она што се договаравме за ребалансот на Буџетот, за да можат сите овие работи да се спроведат. Всушност нашето барање беше и за тие неколку ставки – привремените вработувања, купувањето на возило, репрезентациите и трошоците итн.се надевам дека ќе бидат опфатени во наредниот ребаланс. Но како што кажавме – за тоа – потоа. Ќе дојде ребалансот, ќе разгледаме, па ќе видиме точно во која ставка би барале намалување, односно би пронашле средства кои што понатаму би се користеле во борбата, односно во сите овие Предлог мерки кои што ние ги предлагаме заеднички. Ова зголемување на субвенцијата, нормално, како Предлог Заклучок бараме од службите да ни достават, колку финансиски импликации би имало за нашата општина. Врз основа на ставките кои што ги имаме пронајдено и побарано да се прекине со трошоци, се надевам и убеден сум дека ќе можеме да пронајдеме средства. Реално, добро е што во вакви времиња наоѓаме заеднички сили да најдеме заеднички решенија, нормално врз основа на побарувањата како на граѓаните, така и на било кој приватен сектор, вработени, невработени, социјални случаи итн. Се надевам дека оваа пракса ќе продолжи во периодот кој што следи, а се со цел да можеме да помогнеме на што е можно поголем број на граѓани на општина Охрид.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Во секој случај, овие мерки произлегуваат како резултат на добрата соработка пред се меѓу нас, како Совет, меѓутоа и од добрата соработка која што ја имаме со општинската администрација. Секако дека следи период кога треба да се направи ребаланс. Нормално, очекувано е, имајќи ја во предвид ситуацијата во која што се наоѓаме и сметам дека ќе имаме разбирање и наменски ќе бидат средствата распоредени. Секако дека постои Уредба од Влада дека непродуктивните трошоци не треба да постојат сега во Буџетот. Ако се сеќавате, во однос на Вашата иницијатива – имаше и ницијативи од двете советнички групи, зеедов една обврска дека ќе имаме повторно координација, како што имавме прочем координација и за оваа седница, и пред закажување на наредната седница, на која што се надевам дека како точка од дневниот ред ќе биде и ребалансот на Буџетот.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на советот Живка Ангелоска ја затвори расправата и Предлог Заклучоците ги стави на поименично гласање.

Ристо Николески - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Силјаноски - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп - ЗА
Марија Попоска -ЗА

Филип Јованоски -ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска - ЗА
Александар Попоски - ЗА
Славица Петровска -ЗА
Џанер Исмаил - ЗА
Дејан Шикоски -ЗА
Нефи Усеини - НЕ Е ПРИСУТЕН
Џемал Мена -ЗА

**Советот ги усвои предложените Заклучоци со 22 гласови ЗА.**

**ЧЕТВРТА ТОЧКА Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи за одведување на отпадни води за 2019 година за ЈП„Нискоградба Охрид “-Охрид.**

**Советникот Кирил Пецаков** – Наназад, откако сме членови на Советот од 2017 година, конкретно понатаму од 2018 и секако 2019 година, нема да има разлика и во 2020 година по однос на ЈП “Нискоградба”, добија еден начин на работа од страна на Регулаторната комисија, кој што сам по себе претставува нешто што ние сме го зборувале некое време наназад, по однос на непродуктивните трошоци , и колку ЈП “Нискоградба” сработува, односно несработува во изминатиот период. Всушност, кога сме кај тоа, колку сработила и колку не сработила, парите кои што беа наследени од претхоната локална самоуправа за наплата, околу 24.000.000,оо денари на сметка, останати се 4.000.000,оо денари за наплата од општина Охрид. Дополнително, овој месец за да поделат плата имаа позајмица, следниот веројатно повторно ќе побараат позајмица. Доаѓаме до тоа од кое што стравував. Регулаторната Комисија јасно и гласно има кажано дека врз основа на приходот кој што го имаат како јавно претпријатие, мислам на наплатата на сметките пред се – колку треба и како треба да ги трошат своите пари. Она што е препорачана сума од Регулаторната Комисија, и она што е реална состојба во денешно време на месечн о ниво, се трошат преку 40% повеќе од она што регулатортна комисија го предвидела, за да може ова јавно претпријатие успешно да работи, односно да може да биде во ликвидна ситуација.Ако ги прашате за 40-те проценти, ќе ви кажат дека се заради зголемувањето на минималната плата, и израмнување на бодот врз основа на Законот за административни службеници, што и тоа не е така, меѓутоа за тоа малку подоцна. Меѓутоа, никаде не се споменуваат новите 10 вработени, кои се привремени вработувања и без решение, кои што и тоа како, го оптоваруваат Буџетот на јавното претпријатие. Мене лично цело време тоа ми е нелогично, ако се зборувало во минатото дека ова претпријатие има 3 или 4 пати помалку работа од општина, и воопшто извршува многу помалку работа од порано, а генерира трошоци во непродуктивни ставки, како што се резервни делови и многу поголема потрошувачка на нафта, односно гориво за движење на возилото. Од денешен аспект ние имаме дополнително вработени без решение и во 2020 година дополнителни 4 луѓе кои се со привремено вработување. Она кое што јас сум го зборувал во минатото, во претходните 2-2,5 години, а сега го потврдува Регулаторната комисија, да, ја зголемија

цената, и тоа зголемување има определено колку точно годишно финансиски средства треба да троши. Сега и тоа не било доволно, па тие трошат 40% повеќе. Имаат 500.000,оо денари позајмица од “Охридски Комуналец”. Следниот месец од каде ќе земат и како ќе поделат плата, не сум баш сигурен. Останати се за наплата од општина Охрид уште 4.000.000,оо денари од наследените 24.000.000,оо денари. Она за кое што викав дека дека ќе се случи со работниците во септември-октомври-ноември,но не се случи, не можам сега баш точно да предвидувам, меѓутоа реалноста беше таа- економските параметри го носеа претпријатието таму каде што стигна денеска, за да земаат плата со позајмици и да не може да функционира како што треба. Повторно ќе кажам, иако Извештајот од Регулаторна комисија, врз основа на реалната сума што ја имаат добиено врз основа на зголемувањето на цената на услугите што ги врши ЈП “Нискоградба” е потребно да се троши, тие дополнително трошат, и дополнително и вработуваат со трајно решение и со привремени вработувања.

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска –** Се извинувам колега Пецаков, малку се тргнавме од точката на дневен ред.

**Советникот Кирил Пецаков** – Точката на дневен ред е Извештај за тарифата врз основа на Регулаторната Комисија и тоа јас го читам од Извештајот. Јас читам од Извештајот, отворете го пред Вас и кажете ми да продолжам..

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – На наредната седница ќе се разгледуваат кварталните Извештаи, каде што можеме да разговараме за состојбата на јавните претпријатија. Јас нема да Ве прекинам, единствено само укажувам да се задржиме конкретно на точката на дневниот ред.

**Советникот Кирил Пецаков –** Благодарам Претседателке. Ќе Ве замолам Вас, а и сите други, да го отворите Извештајот и да видите од каде ги читам параметрите и каде ги наоѓам тие 40%. Не знам зошто е надвор од точката тоа што морам да поврзам со она што сум го зборувал во претходните 2,5 години? Она што сега го кажува Регулаторна Комисија, во однос на она што се очекувани трошоци и зголемените трошоци од 40%, го пишува во де нешниот Извештај. Јас не читам од друго место. Тоа што го кажувам дека имаат зголемени трошоци во одредени ставки не лажам, две години го зборувам. Секоја седница станувам и зборувам за истите работи, се надевав дека сте ги запомниле, се извинувам, на наредната повторно ќе зборувам. Ќе повторам, она што го зборував 2,5 години, без разлика дали сме го запамтиле или не, го добивме во Извештајот од Регулаторна Комисија, во тие нецеле 40%, поголеми трошоци за вработувања, а не заради она што гои кажав. Сега се враќам на делот, заради кој што можеме да добиеме одговор, и веќе добивавме во минатото, дека се однесува на зголемувањето на минималната плата, и на порамнувањето на бодот врз основа на Законот за државни службеници,

Поврзано со ова, бидејќи е поврзано со темата, а е побарано од советник, ќе Ве замолиме она што го побаравме – на кој начин се распределени средствата? Поминаа четири месеци, а исто како за многу работи што сме ги барале месец дена, ќе Ве замолам да изреагирате и во наредните 3 до 4 дена да ги добиеме, а ако не, тогаш ќе поднесеме претставка до Инспекциските служби, затоа што службите и јавните претпријатија не сакаат да соработуваат со советниците. Верувам дека кога нема начин да соработуваме со арно, или врз основа на побарувања во рок од 30 дена да добиеме одредени податоци, тогаш ќе поднесеме претставка до надлежните инспекциски надзорни органи. Барам повторно, вон темата, но сфатете го процедурално, како барање на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, 4 месеци е барање на советничката Лидија Петкоска, не е одговорено, и во рок од 3 до 4 дена, дп 4-ти или 5-ти Мај, ќе поднесеме претставка до соодветните органи. Тогаш ќе ни каже самиот Извештај што ни претставуваат овие 40%, и дали и на како начин се порамнати бодовите врз основа на Закон. Ги склопив сите овие работи кои што ги имав да ги кажам. На наредната седница исто така сфатете процедурално – врз

основа на бројките кои што ги имаме, а барањето беше сепак насеочено кон општина Охрид, затоа што сепак ставките за Буџет и за привремени вработувања ги носиме на нашите седници и гласаме, меѓутоа, немаме Одлука или врска за тоа колку ќе има привремени вработувања и она што го имаме, не го контролираме ние како советничка група. На ниво на јавните претпријатија има 66 привремено вработени, заедно со државното претпријатие колектор над 50. Се надевам дека на наредната седница во Предлог Заклучоци ќе бидат вметнати и овие, и она што барам да се прекине со привремените вработувања во општина Охрид, се надевам дека ќе важи воп мерките на Владата, затоа што е непродуктивно трошење, се надевам дека ќе го примениме и на јавните претпријатија. Станува збор за околу 115 привремено вработени, во период којшто следи, и доколку во општина Охрид не добијат продолжување на договорите за привремено вработување не гкледам причина и во јавните претпријатија. Затоа сакам ова да го разгледуваме дополнително и на наредната седница

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Сега навистина се тргнавме од дневниот ред. Меѓутоа, јас сум убедена дека постои Уредба на Владата каде што исто така е утврден начинот на вработувања во овие услови. Јавните претпријатија и општината се должни да постапуваат во однос на таа Уредба. Ова што сега го зборувате е регулирано со Уредба на Владата на Република Северна Македонија.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Живка Ангелоска ја затвори расправата и Предлог Одлуката ја стави на поименично гласање.

| | |
|---|---|
| Ристо Николески | - ЗА |
| Живка Ангелоска | -ЗА |
| Мишел Силјаноски | - ЗА |
| Сашо Ставрески | - ЗА |
| Елеонора Куноска | - ЗА |
| Бесим Демиров | - ЗА |
| Џенгиз Реџеп | - ЗА |
| Марија Попоска | -ЗА |
| Филип Јованоски | -ЗА |
| Рената Арнаудова | -ЗА |
| Ристо Булоски | -ЗА |
| Кирил Пецаков | - ПРОТИВ |
| Гордана Коњановска | - ПРОТИВ |
| Снежана Стефаноска | - ПРОТИВ |
| Илија Арнаудоски | - ПРОТИВ |
| Гоце Георгиески | - ПРОТИВ |
| Лидија Петкоска | - ПРОТИВ |
| Александар Попоски | - ПРОТИВ |
| Славица Петровска | -ПРОТИВ |
| Џанер Исмаил | - ЗА |
| Дејан Шикоски | -ПРОТИВ |
| Нефи Усеини | - НЕ Е ПРИСУТЕН |
| Џемал Мена | -ВОЗДРЖАН |

**Советот ја усвои Одлуката со 12 гласови ЗА, 9 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН ја усвои оваа Одлука.**

**Претседателот на Советот Живка Ангелоска** – Со усвојувањето на оваа Одлука беше исцрпен дневниот ред за 42-та седница. Сакам да ви се заблагодарам за вашето присуство, вашата ангажираност на оваа седница и пред се, за разбирањето, затпа што донесовме одделни мерки сите заеднички. Секогаш треба да сме горди на оние заклучоци

и одлуки кои што ги носиме со мнозинство од сите советници, а се однесуваат  на нашите граѓани.се надевам дека на наредната седница ќе продолжиме да работиме онака како што бевме навикнати, во големата сала, или можеби на некој отворен терен.

Седницата на Советот заврши во 11:45 часот.

Записничар,
Андријана Цветаноска

СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД
Претседател,
Живка Ангелоска